Наративен извештај за јуни  2018 година

- Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов

Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.

Во текот на месец јуни 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а сѐ со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година. Беа одржани неколку прес конференции за теренски увид и посета на градежни работи, за да се провери интензитетот на активностите на одделни патни правци.

Беше направен увид на градежни работи на рехабилитација на државен пат А2, делница Сарај – Групчин (рехабилитација на возна лента) со должина од 18,5 км., за која делница се обезбедени средства од буџетот на ЈП за државни патишта во износ од 70.328.000 денари.

Како дел од проектот за консултантски услуги за унапредување на безбедноста на патиштата и воспоставување на единица за безбедност на патиштата, ЈП за државни патишта, заедно со Светска Банка, организираше Конференција и работилница за безбедност на патиштата, во траење од два дена, каде што Директорот на ЈП за државни патишта зеде активно учество.

Интервју за списанието ТРАНСПОРТ – ЛОГИСТИКА, со наслов: И Модерните патишта придонесуваат за побрз развој и за влез на Македонија во ЕУ.

Беше направен увид на градежни работи на рехабилитација на државен пат А2, делница од Гостивар (мост кај село Здуње на р.Вардар на излез од градот Гостивар и завршува на излез од селото Колари) до село Колари, со должина од 28,5 км., за која се обезбедени средства од буџетот на ЈП за државни патишта во износ од 250.200.000 денари.

Се направи увид и на градежни работи на рехабилитација на државен пат А3, делница Кочани - Делчево, со должина од 30,65 км., за која делница е обезбеден заем од Светска Банка во износ од 6 милиони евра. Проектот за Рехабилитација на државниот пат Кочани – Делчево е предвиден да се реализира на следните две делници:

- Делница 1 (Превалец – Македонска Каменица) со должина од 14,50 км.
- Делница 2 ( Македонска Каменица – Делчево) со должина 16,15 км.

Одржана беше Презентација на Вредносен инженеринг (VEP – Value Engineering Proposal) на проектот изградба на експресен пат А1 Градско – Прилеп, како предлог за измена на траса од км 0+400 до км 2+066.

Во Министерство за транспорт и врски, Министерот Горан Сугаревски и Директорот на ЈП за државни патишта, Зоран Китанов одржаа брифинг со новинари, на кој што детално ги презентираа инфраструктурните проекти што се реализираа во делот на патната мрежа. По брифингот Министерот и Директорот одржаа прес конференција, каде што дадоа изјава за текот на изградбата на автопатот Кичево – Охрид.

Почеток на изградбата на експресен пат А2 Ранковце – Крива Паланка, во должина од 23 км. Делницата е поделена на две подделници:

- Лот 1: Длабочица – Чатал (Страцин) во должина од 15,5 км. Изведувач на првата подделница е TIRRENA SCAVI (Италија)
- Лот 2: Крива Паланка – Длабочица во должина од 7,3 км. Изведувач на втората подделница се градежните фирми "Гранит" и "Бетон"

Исто така беа одржани бројни состаноци со компании, фирми, Градоначалници, министерства, јавни претпријатија, седници на Надзорни и Управни одбори, како и средба со граѓани, како дел од секојдневните обврски и активности на работата на Директорот на ЈП за државни патишта.